РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04 - 464/12
05.06.2019 20
Општина Македонски Брод

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Секретарот на Општина Македонски Брод ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за избор на кандидат за унапредување на административен службеник во
Општина Македонски Брод

1. По интерениот оглас бр. 01/2019 објавен на 20.05.2019 година за унапредување на административен службеник на работно место: УПР 0101В01000 Советник за администрирање на приходи, Сектор за правни, општи работи, јавни дејности, администрирање на приходи и финансиски прашања, во Општина Македонски Брод, се избира кандидатот **Томислав Стојкоски**.

2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од ставот 1 на оваа Одлука по конечноста на истата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 20.05.2019 година, на веб страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на Општина Македонски Брод, објавен е интерен оглас бр.01/2019 за унапредување на административен службеник во Општина Македонски Брод.

Секретарот со Решение бр.04-464/7 од 21.05.2019 год. формира Комисија за селекција за унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, на ден 31.05.2019 година, спроведе административна селекција за интерниот оглас, Записник бр.04-464/9 од 31.05.2019 година со кој се констатира дека на огласот е пријавен 1 кандидат, кој кандидат е уреден и продолжува во следната фаза ( интервју).

Исто така на ден 31.05.2019 година, Комисијата за селекција за унапредување спроведе интервју, состави Записник и финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот нандидат бр.04-464/10 од 31.05.2019 год. и ги достави до Секретарот за донесување на Одлука за избор.

Врз основа на горе изнесеното Секретарот на Општина Македонски Брод, донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Општина Македонски Брод.

Изработил:Советник Даниела Ѓурчиноски
Контролирал:Рак.на Одд.Лубе Батанциовски

Секретар на
Општина Македонски Брод
Пецо Стојкоски